Одговор: Во однос на првото и второто прашање, на подготвителната седница по предметите У.бр.8/2019 и други, и У.бр.15/2019  и други , одржана на 18.03.2021 година, беа поканети следните лица: Светскиот Македонски Конгрес, Ивица Ефремов, Стив Ангеловски, Солза Грчева, Томе Тодоровски, проф. д-р Јове Кекеновски, Петар Робевски, политичка партија ВМРО ДПМНЕ, Ивана Митевска, Клементина Брзановска, Владимир Стефановски, политичка партија Левица, проф. д-р Тања Каракамишева, претставници на Владата, професори по уставно право, проф. д-р Светомир Шкариќ, проф. д-р Јетон Шасивари, проф. д-р Марика Ристова, проф. д-р Денис Прешова и проф. д-р Горан Илиќ. Од поканетите лица, на подготвителната седница присуствуваа: претставникот на Светскиот Македонски Конгрес, Тодор Петров, Томе Тодоровски, проф д-р Јове Кекеновски, претставникот на политичката партија Левица, Димитар Апасиев, претставник по овластување на Министерството за правда, Фросина Тасевска, проф д-р Јетон Шасивари и Васко Лазески.

Што се однесува до третото прашање, согласно член 29 од Деловникот на Судот, заради разјаснување на фактичната и правната состојба по одделни предмети во секоја фаза на постапката, Уставниот суд може да одлучи да се одржи подготвителна седница (став 1). На подготвителната седница се повикуваат учесниците во постапката, стручни органи и организации и научни и стручни работници, што ќе ги определи Судот (став 2). Имајќи го предвид наведеното, доколку се побара одржување на нова дополнителна подготвителна седница за истите предмети, поради постоење на евентуални нови спорни правни и фактички прашања, дали истата ќе се одржи и кои лица ќе бидат поканети да присуствуваат, зависи исклучиво од Судот и истото не може однапред да се предвиди.